# Финален документ за анализа на пазар 3
## Минимален пакет на изнајмени линии

Скопје, 11.11.2015

## Содржина


Вовед....4
1. Правна основа за анализа на пазар 3- Минимален пакет на изнајмени линии....6
2. Цели за спроведување на анализа на пазар 3- минимален пакет на изнајмени линии....6
3. Постапка на анализа на пазар 3- Минимален пакет на изнајмени линии....7
4. Нотифицирани оператори....8
5. Информации и финансиски податоци....9
6. Соработка со комисија за заштита на конкуренција....10
7. Дефиниции....11
8. Дефинирање на малопродажен пазар минимален пакет на изнајмени линии....12
9. Дефинирање на релевантни услуги....14
9.1 Услуги кои се обезбедуваат на пазарот....14
10. Супституција на страна на побарувачката за минимален пакет на изнајмени линии....15
10.1 Дали услугата традиционална аналогна изнајмена линија претставува супститут на услугата изнајмени линии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија....17
10.2 Дали услугата традиционална дигитална изнајмена линија претставува супститут на услугата изнајмени линии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија....19
10.3 Дали услугата асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) претставува супститут на услугата изнајмени линии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија....20
10.4 Дали услугата изнајмени линии со различен преносен капацитет е составен дел на истиот релевантен пазар....20
10.5 Супституција на страна на понудата....22
10.6 Заклучок....22
11. Проценка на географски пазар....23
12. Три критериум тест на малопродажен пазар – минимален пакет на изнајмени линии....25
12.1 Прв критериум – Присуство на високи и постојани бариери за влез кои што можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа....26
12.2 Втор критериум – Степен на конкурентност не земајќи ги во предвид бариерите за влез....28
12.3 Трет критериум – Недоволност на Законот за конкуренција ( во услови на непостоење на ex-ante регулација) за регулирање на релевантен пазар....32
12.4 Заклучок од примената на три критериум тест....33
13. Отповикување на обврските на операторот со значителна пазарна моќ на малопродажниот пазар за изнајмени линии....34

## Табели

Табела 1 Видови на изнајмени линии во минимален пакет на изнајмени линии ....................14

## Графикони

Графикон 1 Поделба според технологија ....................16

Графикон 2 Пазарен удел на операторите на малопродажен пазар на изнајмени линии ....................30

На 06.10.2015 година Агенцијата за електронски комуникации објави јавна расправа за Нацрт документ на анализа на пазар 3 – Минимален пакет на изнајмени линии.

Краен рок за доставување на коментари и мислења од заинтересираните страни по Нацрт документот беше 06.11.2015 година.

Во овој период не беа доставени коментари од заинтересираните страни, но беше доставено мислење од страна на операторот Македонски Телеком АД – Скопје.

Операторот Македонски Телеком АД – Скопје достави мислење бр. 1302-3434/6 на ден 03.11.2015 година во кое е наведено дека: " Се согласуваме со Агенцијата во врска со утврдената состојба за постоењето на ефикасна конкуренција на малопродажниот пазар за минимален пакет на изнајмени линии и непотребата од претходна регулација на услугите дел од овој пазар".

# Вовед

Донесувањето на Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија", бр.13/2005, 14/2007, 55/2007, 98/2008,83/2010, 13/2012, 59/2012, 123/2012 и 23/2013) (во понатамошниот текст ЗЕК) во февруари 2005 претставува иницијален момент за процесот на либерализација на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија. На 25.02.2014 година донесен е новиот Закон за електронските комуникации, објавен во Службен Весник бр.39/2014, кој е усогласен со регулаторната рамка на Европската Комисија од 2009 година. Агенцијата за електронски комуникации ( понатамошниот текст АЕК) согласно ЗЕК и подзаконските акти, во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренцијата, обезбедува услови за ефикасна конкуренција и со тоа овозможува еднакво делување на операторите на пазарот на електронските комуникации во Република Македонија.

Согласно Годишната програма за работа АЕК спроведе анализа на пазарот за минимален пакет на изнајмени линии. АЕК ги повикува сите заинтересирани субјекти да достават забелешки, коментари и мислења на прашањата наведени во овој Нацрт документ. Рокот за доставување на забелешките и коментарите е 30 дена од објавувањето на нацрт документот на веб страната на АЕК. Согласно член 13 од ЗЕК, АЕК јавно ќе ги објави имињата на субјектите и доставените мислења и коментари, при што доверливите информации и податоци нема да бидат објавени. Информациите и податоците кои имаат ознака „строго доверливо" ќе имаат таков третман во АЕК со почитување на доверливоста на истите и ќе се користат единствено од страна на вработените на АЕК, за потребите за кои се побарани и нема да бидат објавени или дистрибуирани во други регулаторни тела.

Овој документ ги презентира заклучоците на АЕК од аспект на дефинирање на релевантниот пазар 3, анализа на истите врз основа на податоци и финансиски информации низ критериумите согласно член 76 и 77 од ЗЕК, одредување дали релевантниот пазар 3- минимален пакет на изнајмени линии е конкурентен пазар или има оператор/ и кој поседува значителна пазарна моќ да дејствува независно од конкурентите и корисниците на истите во однос на цените или понудата, определување на оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар 3 Минимален пакет на изнајмени линии и определување на обврски на операторот со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар.

# 1. Правна основа за анализа на пазар 3- Минимален пакет на изнајмени линии

АЕК согласно Законот за електронските комуникации во рамките на својот делокруг на работа промовира ефикасна конкуренција во областа на електронските комуникациски мрежи и услуги, заштита на нарушување или ограничување на конкуренцијата во областа на електронските комуникации притоа овозможувајќи во слични околности да нема дискриминација во третманот на операторите на електронски комуникациски мрежи.

АЕК исто така го следи развојот на електронските комуникации, зголемување на поволностите на корисниците ги применува регулаторните начела за објективност,транспарентност, недискриминација и пропорционалност, овозможувајќи им на заинтересираните страни да дадат забелешки и коментари во врска со иницијативите, мерките и одлуките на Агенцијата.

Анализата на пазар3 – Минимален пакет на изнајмени линии АЕК ја изработува врз основа на ЗЕК, подзаконските акти донесени врз негова основа и Методологијата за анализа на релевантни пазари изготвена од страна на АЕК земајќи ги во предвид основните напатствија од Европската комисија за вршење на анализа на релевантни пазари и утврдување на значителна пазарна моќ согласно ЕК регулаторна рамка за електронски комуникациски мрежи и услуги[1].

# 2. Цели за спроведување на анализа на пазар 3- минимален пакет на изнајмени линии

Основната цел за спроведување на анализа на овој пазар е да се дефинира пазарот и услугите кои се обезбедуваат на истиот, да се определат операторите кои делуваат на овој пазар, да се определи дали пазарот е доволно конкурентен или се приближува кон состојба на ефективна конкуренција, дали постои оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој поседува економска моќ и капацитет да дејствува во забележителни размери независно од конкурентите и корисниците на тој пазар, односно да се определи дали на пазарот постои оператор со значителна пазарна моќ.

---

[1] Commission guidelines on market analysis and the assessment of significant market power under the Community regulatory framework for electronic communications networks and services (2002/C 165/03)

# 3. Постапка на анализа на пазар 3- Минимален пакет на изнајмени линии

Постапката на определување на оператори со значителна пазарна моќ во областа на електронските комуникации се состои од четири основни чекори:

- ✓ **Дефинирање на релевантниот пазар** - АЕК врши проценка на релевантните производи и услуги кои се обезбедуваат на релевантниот пазар 3- минимален пакет на изнајмени линии.
- ✓ **Анализа на релевантниот пазар** – АЕК ја спроведува анализата на релевантниот пазар во соработка со КЗК. Во рамките на оваа фаза се утврдува дали на пазарите има конкуренција или има оператор/и кој поседува значителна пазарна моќ да дејствува независно од конкурентите и корисниците на истите во однос на цените или понудата, односно нема конкуренти на релевантиот пазар или во споредба со своите конкуренти имаат водечка позиција на релевантиот пазар (член 10 од Законот за заштита на конкуренцијата).
- ✓ **Определување на оператор со значителна пазарна моќ** -согласно член 82, („Определување на оператор со значителна пазарна моќ, наметнување, продолжување, изменување или отповикување на обврски") од ЗЕК доколку АЕК врз основа на спроведената анализа утврди дека на пазарот нема или има недоволно конкуренција, таа во соработка со КЗК донесува одлука кој или кои оператори имаат значителна пазарна моќ на тој пазар.
- ✓ **Определување на обврски на оператор со значителна пазарна моќ на малопродажниот пазар 3–** минимален пакет на изнајмени линии во насока на обезбедување на фер и целосна конкуренција на пазарот. Истите се оправдани и во пропорција со бариерите за ефикасна конкуренција констатирани со анализата на релевантниот пазар. Доколку анализата покаже дека на пазарот постои развиена конкуренција и нема учесник со значителна пазарна моќ тогаш, ќе се изврши отповикување на претходно определените обврски на операторот со значителна пазарна моќ.

Преку анализа на релевантен пазар се утврдува моменталната состојба на пазарот во која тој се наоѓа, но истовремено анализата претставува и средство преку кое се предвидува како ќе се развива пазарот во наредниот период (forward looking пристап). Пазарот за електронски комуникации има динамичен развој така што АЕК и понатаму ќе го следи развојот на пазарот за електронски комуникации, а од тука и малопродажниот пазар на изнајмени линии како негов составен дел.

# 4. Нотифицирани оператори

Заклучно со 31.07.2015 година во службената евиденција на АЕК нотифицирани оператори за обезбедување на услугата изнајмени линии се следните:

1. МУЛТИМЕДИА – НЕТ ДОО Скопје
2. МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје
3. НЕОТЕЛ ДОО Скопје
4. АКТОН ДООЕЛ Скопје
5. ОНЕ ДОО Скопје
6. ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово
7. БАЛКАНТЕЛ ДОО Скопје
8. СОФТНЕТ ЕУ ДООЕЛ Скопје
9. ТЕЛЕСМАРТ ТЕЛЕКОМ ДОО Скопје
10. БУЛГАРТЕЛ СКОПЈЕ ДООЕЛ Скопје
11. МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ Скопје
12. ИТВ ДООЕЛ Скопје
13. ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје
14. ТУРК ТЕЛЕКОМ ИНТЕРНАТИОНАЛ МКД ДООЕЛ Скопје
15. МОЛ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје
16. ТЕЛЕКС ДОО Скопје
17. ТРАНС БАЛКАН ТЕЛЕКОМ ДООЕЛ Скопје
18. ГИВ ДОО Гостивар
19. ФИКАБ ДОО увоз-извоз Тетово
20. НЕТ-КАБЕЛ ДООЕЛ Струмица
21. ЕУРОНЕТ КОНТРОЛ ДОО Скопје
22. БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје
23. ИЦТ-НЕТ Дебар
24. ФНС ГЛОБАЛ ДООЕЛ Скопје

Од овие, активни оператори за обезбедување на услугата изнајмени линии на малопродажниот пазар се:

1. МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје
2. НЕОТЕЛ ДОО Скопје
3. АКТОН ДООЕЛ Скопје
4. БАЛКАНТЕЛ ДОО Скопје
5. ОНЕ ДОО Скопје
6. ГИВ ДОО Гостивар
7. НЕТ-КАБЕЛ ДООЕЛ Струмица
8. БУЛГАРТЕЛ СКОПЈЕ ДООЕЛ Скопје

# 5. Информации и финансиски податоци

Во постапката на спроведување на анализа на релевантниот пазар, а со цел да се утврди степенот на конкурентност, АЕК користи интерни информации и финансиски податоци од документацијата доставена до АЕК, екстерни податоци како и податоци добиени од истражување на релевантните пазари. Ова е со цел АЕК да спроведе детално и квалитетно дефинирање на релевантниот пазар и релевантните услуги кои се обезбедуваат на истиот, а врз основа на релевантни информации и финансиски податоци, базирана на постоечката законска рамка, имајќи ги во предвид основните економски принципи и законитости согласно Методологијата за анализа на релевантните пазари.

Во согласност со Методологијата за анализа на релевантни пазари, АЕК ги користи податоците од испитувањата на јавното мислење во однос на пазарот за електронски комуникации кои беа спроведени во периодот помеѓу двете анализи и истите се објавени на веб страната на АЕК.

# 6. Соработка со комисија за заштита на конкуренција

Согласно член 79, 80, 81 и 82 од ЗЕК при спроведување на анализа на релевантните пазари, преиспитување на утврдени релевантни пазари на производи и услуги како и определување на оператор со значителна пазарна моќ, АЕК соработуваше со Комисијата за заштита на конкуренцијата, која со допис бр. 03-213/1 од 25.09.2015 година, го даде следното:

Мислење

- Комисијата за заштита на конкуренција е согласна со начинот на кој е дефиниран релевантниот пазар во *Нацрт документот за анализа на пазар 3 – Минимален пакет на изнајмени линии.*
- Комисијата за заштита на конкуренција е согласна со ставот на Агенцијата за електронски комуникации дека малопродажниот пазар за минимален пакет на изнајмени линии во Република Македонија не треба да биде предмет на ex ante регулација, а врз основа на примена на три критериум тестот.
- Исто така, Комисијата се согласува со предлогот за отповикување на обврските кои му се наматнати на Македонски Телеком АД Скопје како оператор со значителна пазарна моќ, со Решение на Агенцијата бр. 03-2358/2 од 01.04.2010 година.

# 7. Дефиницни

1. **Електронска комуникациска мрежа** е преносен систем и таму каде што е применливо и комутациска или насочувачка опрема и други средства вклучително мрежни елементи што не се активни, а кои што овозможуваат пренос на сигнали преку жичени, радиобранови, оптички или други електромагнетни средства, вклучувајќи сателитски мрежи, фиксни (со комутација на кола или комутација на пакети, вклучувајќи и Интернет) и мобилни земски мрежи, електроенергетски кабелски системи, доколку се користат за пренос на комуникациски сигнали, радиодифузни мрежи и кабелски телевизиски мрежи, независно од видот на информациите што се пренесуваат.
2. **Електронска комуникациска услуга** е услуга што вообичаено се нуди за надомест, а која целосно или главно се состои од пренос на сигнали преку електронски комуникациски мрежи и ги вклучува телекомуникациските услуги и преносните услуги во мрежите наменети за емитување или реемитување на програмски содржини, но ги исклучува услугите кои овозможуваат или извршуваат уредувачка контрола врз содржините кои се пренесуваат со помош на електронските комуникациски мрежи или услуги, а не ги вклучува ниту услугите на информатичкото општество кои целосно или делумно не се состојат од пренос на сигнали преку електронски комуникациски мрежи.
3. **Јавна електронска комуникациска мрежа** е електронска комуникациска мрежа која целосно или поголемиот дел од неа се користи за обезбедување на електронски комуникациски услуги достапни на јавноста и кои го поддржуваат преносот на информации помеѓу мрежни завршни точки.
4. **Јавна електронска комуникациска услуга** е електронска комуникациска услуга достапна на јавноста.
5. **Оператор** е физичко лице кое врши дејност или правно лице кое обезбедува или има намера да обезбедува јавна електронска комуникациска мрежа и/или услуги како и придружни средства, врз основа на доставена нотификација и добиена потврда за регистрација од Агенцијата за електронски комуникации.
6. **Корисник** е физичко или правно лице кое користи или бара јавна електронска комуникациска услуга, а во смисла на одредбите од Глава осумнаестта од ЗЕК, корисник е физичко лице кое користи јавна електронска комуникациска услуга, за приватни или деловни цели, при што не мора да биде претплатено за тие услуги.
7. **Краен корисник** е корисник што нема јавна комуникациска мрежа или не обезбедува јавна комуникациска услуга.

# 8. Дефинирање на малопродажен пазар минимален пакет на изнајмени линии

Дефинирањето на пазарот за минимален пакет на изнајмени линии е првиот чекор во спроведувањето на анализата на овој релевантен пазар. Потребно е да се спроведе дефинирање на пазарот за да може АЕК да направи проценка на постоење на ефикасна конкуренција како што има обврска да ги определи производите и услугите на релевантниот пазар исто така треба да определи и на кој географски пазар се нудат истите. Согласно член 2 од Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подложни на претходна регулација бр. 02-5015/1 од 23.09.2010 год како и Одлуките за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на релевантни пазари подложни на претходна регулација бр.02-2010/2 од 15.04.2011 година, бр. 0307-1276/2 од 07.05.2014 година и 0201-1476/7 од 15.12.2014 год,, релевантен географски пазар на пазарот на електронски комуникации е територијата на Република Македонија.

Во Препораката за релевантни пазари на производи и услуги подложни на ex-ante регулација од 2003 година (2003/311/ЕС)[2] припаѓаше и малопродажниот пазар на минимален пакет на изнајмени линии, во кој беа вклучени аналогни и дигитални изнајмени линии до 2 Mbit / s ,со одредени карактеристики и стандарди наведени во член 18 од Директивата за универзална услуга.

Малопродажниот пазар за минимален пакет на изнајмени линии не е содржан во препораките на Европската комисија за релевантни пазари подложни на претходна (ex-ante) регулацијаод 2007 год (2007/879/ЕС) [3] како и во најновата важечка препорака од 2014 година (2014/710/EU)[4].

Согласно насоките во препораките од Европската комисија со цел да се преиспита постоењето на ефективна конкуренција на овој малопродажен пазар ќе се спроведе три критериум тест.
Релевантен малопродажен пазар на производи и услуги кој е предмет на оваа анализа е пазар 3 – Минимален пакет на изнајмени линии.

---

[2] COMMISSION RECOMMENDATION on relevant product and service markets within the electronic communications sector susceptible to ex ante regulation in accordance with Directive 2002/21/EC of the European Parliament and of the Council on a common regulatory framework for electronic communication networks and services

[3] COMMISSION RECOMMENDATION of 17 December 2007 on relevant product and service markets within the electronic communications sector susceptible to *ex ante* regulation in accordance with Directive 2002/21/EC of the European Parliament and of the Council on a common regulatory framework for electronic communications networks and services

[4] COMMISSION RECOMMENDATION of 9 October 2014 on relevant product and service markets within the electronic communications sector susceptible to ex ante regulation in accordance with Directive 2002/21/EC of the European Parliament and of the Council on a common regulatory framework for electronic communications networks and services

Изнајмена линија е електронско комуникациско средство што му овозможува на корисникот транспарентно преносно поврзување меѓу мрежни приклучни точки без можност за автоматско рутирање и комутација од страна на корисникот, како дел од можностите на изнајмени линии. За подетално дефинирање на релевантниот пазар АЕК ќе изврши проценка на:

- релевантните производи и услуги
- супституција на страната на побарувачката
- супституција на страната на понудата
- географскиот пазар

Процедура за дефинирање на релевантен пазар, производите и услугите кои се обезбедуваат на истиот, овозможуваат на постепен начин да се идентификува постоење на ограничување за влез и проблеми со конкурентноста на одреден пазар, во согласност со Европските препораки и основните напатствија на Европската Комисија за спроведување на анализа на релевантни пазари и утврдување на значителна пазарна моќ согласно Европската регулаторна рамка за електронски комуникациски мрежи и услуги.

Релевантните пазари имаат две димензии: пазарна димензија и географска димензија. За нивно подетално определување потребно е да се спроведе:

- A. Дефинирање на пазарите на производи и услуги
- Б. Дефинирање на географскиот пазар

Пазарната димензија ги идентификува и дефинира сите производи и услуги кои што се доволно меѓусебно заменливи со други производи или услуги од аспект на страната на побарувачката и од аспект на страната на понудата изразени преку карактеристиките на производите и услугите на релевантниот пазар, нивните цени и нивната наменска употреба. На самиот почеток, дефинирање на производ или услуга на релевантниот пазар се определува преку супституција на страна на побарувачката и определување на супституција на страна на понудата.

- Супституција на страна на побарувачката ги утврдува услугите кои за корисниците се заменливи услуги, без разлика на своите карактеристики, цена и доменот на употреба со цел да ги задоволат сопствените потреби.

- Супституција на страна на понудата им дава можност на операторите за краток временски период да понудат еквивалентна услуга без дополнителни трошоци која ќе претставува супститут на услугата кај која има зголемување на цената.

# 9. Дефинирање на релевантни услуги

## 9.1 Услуги кои се обезбедуваат на пазарот

На малопродажниот пазар услугата изнајмени линии вообичаено ја користат деловните корисници за да остварат деловна комуникација со сопствените подружници, преку пренос на телефонски разговори, пренос на слика и пренос на податоци со голема брзина. Услуги кои се нудат на малопродажниот пазар во Република Македонија од страна на операторот Македонски Телеком АД Скопје кој е определен дека поседува значителна пазарна моќ, и се во состав на минимален пакет на изнајмени линии се:

**Табела 1 Видови на изнајмени линии во минимален пакет на изнајмени линии**

| | Услуги во состав на минимален пакет на изнајмени линии |
|---|---|
| | Аналогна изнајмена линија, говорен опсег, нормален квалитет |
| | Аналогна изнајмена линија, говорен опсег, посебен квалитет |
| | Дигитална изнајмена линија 64 Kbit/s |
| | Дигитална изнајмена линија 2048 Kbit/s, неструктурирана |
| | Дигитална изнајмена линија 2048 Kbit/s, структурирана |

Услуги во состав на минимален пакет на изнајмени линии се традиционалните изнајмени линии кои се делат на аналогни и дигитални изнајмени линии.

Аналогна изнајмена линија со нормален квалитет обезбедува поврзување на две физички оддалечени локации т.е. крајните делови на мрежата, од крајниот корисник кој има инсталирано своја опрема до главниот разделник на операторот и овозможува пренос на говорни сигнали во опсег од 300 до 3400 Hz помеѓу истите, додека во преносниот дел на мрежата се користат дигитални технологии за пренос.

Во зависност од корисничката опрема која што треба да се поврзе, аналогните изнајмени линии се делат на двожични и четирижични реализирани преку една или две бакарни парици.

Аналогните изнајмени линии со нормален квалитет се користат за пренос на глас, додека линиите со посебен квалитет се користат за пренос на податоци.

Дигиталните изнајмени линии достапни се со различна брзина на преносен капацитет до 64 Kbit/s , 2048 Kbit/s – неструктурирана, 2048 Kbit/s- структурирана.

Основни функционални карактеристики на изнајмените линии се:

- обезбедување на постојан преносен капацитет помеѓу две точки,
-овозможува загарантиран, транспарентен и симетричен преносен капацитет,
- преносниот капацитет преку изнајмена линија има загарантиран квалитет.

Транспарентноста на испорачаниот капацитет се однесува на приемот на информациите од едниот до другиот крај на изнајмената линија без значителни загуби (пр.на сигнали или на пакети) или влошување на нејзиниот квалитет. Во однос на карактеристиката на услугата изнајмена линија, крајните корисници имаат различни барања на видот на информации (глас, видео, податоци). Транспарентност на капацитетот се реализира преку специфични мрежни параметри кои се обезбедуваат преку сите технологии кои се користат за обезбедување на изнајмени линии.

Во процесот на дефинирање на релевантниот малопродажен пазар ќе бидат разгледани аналогните изнајмени линии, традиционалните дигитални изнајмени линии, услугата за изнајмени линии во малопродажба која се обезбедува преку следните преносни технологии (Ethernet/MPLS/) како и АДСЛ – асиметрична дигитална претплатничка линија.

# 10. Супституција на страна на побарувачката за минимален пакет на изнајмени линии

Замена на страна на побарувачката на малопродажниот пазар го покажува резултатот т.е. ефектот од заменливост на понуда на јавна електронска комуникациска услуга на релевантниот пазар каде што се отвара можност за корисниците, при зголемување на цената на услугата да започнат со користење на друга заменлива услуга или заменлива услуга понудена од страна на друг оператор. Тоа значи дека, ако операторот кој ја нуди услугата ја зголеми цената на истата услуга корисникот ќе има можност да ја замени услугата кај постојниот оператор или кај друг оператор кој ја нуди истат услуга за пониска цена. Колку е поизразена супституцијата на страната на побарувачка толку повеќе операторите се ограничени во можноста да ја зголемат цената на услугата за крајните корисници.
Заменливост на страна на побарувачката ќе се случи во моментот кога корисникот на определена услуга ќе почне да користи друга заменлива услуга како резултат на зголемување на цената на веќе користената услуга.
Основната цел е да се определи која услуга ја супституира релевантната услуга во одредена временска рамка од аспект на нивната наменска употреба, цена, квалитет и услови на дејствување, врз основа на потрошувачките навики.
Иако во претходните анализи на овој релевантен пазар беа регулирани само аналогни и дигитални изнајмени линии до 2 Mbit /s како дел од минимален пакет на изнајмени линии,

потребно е да се разгледа дали постојат заменливи услуги на овој пазар. За ова ќе бидат искористени податоците од кварталните извештаи за период од 2013 и 2014 година.
Крајните корисници користат услуги кои се во состав на минимален пакет на изнајмени линии обезбедени преку различни преносни технологии:

- LAN (Ethernet)
- Безжичен микробранов линк (Ethernet/MPLS/VLAN/SDH)
- Бакар, оптика (Ethernet/MPLS/VLAN/SDH)
- Аналогна изнајмена линија
- Бакар,оптика (структурирана/64Kbps/2Mbps/ 34 Mbps /155 Mbps)
- WIMAX
- друго.

**Графикон 1 Поделба според технологија**




| | Q1 2013 | Q2 2013 | Q3/2013 | Q4/2013 | Q1/2014 | Q2/2014 | Q3/2014 | Q4/2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Безжичен микробранов линк Ethernet/MPLS/VLAN/SDH | [illegible] | [illegible] | 6,01% | 6,49% | 6,75% | 7,82% | [illegible],53% | 9,77% |
| Бакар, оптика Ethernet/MPLS/VLAN/SDH | [illegible] | 39,36% | 39,54% | 39,55% | 41,69% | 43,84% | 4[illegible],11% | 44,14% |
| Аналогна изнајмена линија | 40,85% | 39,94% | 38,59% | 37,80% | 35,67% | 34,75% | 3[illegible],47% | 33,92% |
| Бакар, оптика (структурирана/64Kbps/2Mbps) | 14,60% | 14,42% | 13,75% | 13,85% | 13,61% | 13,45% | 1[illegible],89% | 12,17% |
| Друго | [illegible] | [illegible] | 2,31% | 2,33% | 2,30% | 0,14% | | |

Според податоците од службената евиденција на АЕК[5] (График 1)може да се забележи дека на малопродажниот пазар најголема побарувачка за услугата изнајмени линии има преку бакар/ оптика (Ethernet/MPLS/VLAN/SDH). Исто така може да се забележи дека, во составот на пазарот покрај аналогните присутни се и дигиталните изнајмени линии. Ваквата состојба за крајните корисници претставува поголема можност изнајмените линии да ги заменат со традиционални дигитални изнајмени линии со различен и поголем преносен капацитет. Одтука произлегува дека треба да се утврди дали различниот преносен капацитет е составен дел на истиот пазар.
На релевантниот пазар АЕК ќе ја разгледа супституцијата на страна на побарувачката преку анализа на следните прашања:

- Дали услугата традиционална аналогна изнајмена линија претставува супститут на услугата изнајмени линии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија;

- Дали услугата традиционална дигитална изнајмена линија претставува супститут на услугата изнајмени линии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија;

- Дали услугата асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) претставува супститут на услугата изнајмени линии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија;

- Дали услугата изнајмени линии со различен преносен капацитет се смета за составен дел од истиот релевантен пазар.

## *10.1 Дали услугата традиционална аналогна изнајмена линија претставува супститут на услугата изнајмени линии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија*

Разгледувајќи дали услугата традиционална аналогна изнајмена линија се смета за супститут на услугата изнајмени линии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво, АЕК ги споредуваше изнајмените линии кои што се обезбедуваат преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS со преносен капацитет (брзина) која е споредлива со преносниот капацитет кој ја овозможува услугата аналогни изнајмени линии.

---

[5] http://www.aek.mk/mk/dokumenti/izveshtai/godishni-izveshtai-za-analiza-na-pazar/item/1571-годишен-извештај-за-развојот-на-пазарот-на-електронските-комуникации-во-рм-за-2013-година

Аналогната изнајмена линија обезбедува поврзување на две физички оддалечени локации на кои корисникот има инсталирано своја опрема и првенствено е наменета за пренос на говорни телефонски сигнали, но истата може да се користи и за други типови сообраќај, како пренос на факс преку директна линија, поврзување на оддалечени локали на PABX централи, пренос на податоци во говорен опсег. Со зголемување на растојанието помеѓу корисничките локации кои се поврзуваат доаѓа до слабеење на сигналот, дел од националните изнајмени линии се реализираат преку мултиплексни системи за пренос, кои го компензираат слабеењето на линијата. Во зависност од корисничката опрема која што треба да се поврзе, аналогната изнајмена линија се реализира преку еден или преку два пара бакарни парици. Брзината на пренос на податоци обезбедена преку аналогна изнајмена линија изнесува 40 Kbit/s и 50 Kbit/s со користење на модем.

На малопродажниот пазар покрај аналогната изнајмена линија која е составен дел на минималниот пакет на изнајмени линии се обезбедуваат и услуги за изнајмени линии преку користење на Етернет (Ethernet) преносна технологија и IP/MPLS преносни технологии со брзина поголема од онаа кај аналогните изнајмени линии.
Поради брзиот технолошки развој, распространетост и поволна цена Етернет преносна технологија се повеќе се појавува како стандардна технологија за широкопојасни мрежи.

Изнајмените линии обезбедени преку Ethernet преносна технологија и IP/MPLS технологијата овозможуваат поголема флексибилност во обезбедувањето на услугите бидејќи овозможуваат брзина на пренос на податоци поголема од 64 kbit/s, додека аналогни изнајмени линии првенствено биле наменети за говор, но, исто така, поддржуваат пренос на податоци со мала брзина, помеѓу 40 и 50 kbit / s со користење на модем.Преносот на податоци преку Етернет и IP/MPLS преносната технологија има еднаков квалитет на услугата, поголема брзина на пренос на податоци и симетричен преносен капацитет во споредба со аналогните изнајмени линии.

Според тоа АЕК не ги смета аналогните изнајмени линии за супститут на услугите изнајмени линии обезбедени преку Ethernet преносна технологија и IP / MPLS технологијата на малопродажно ниво затоа што IP / MPLS технологијата овозможува поголема брзина на пренос на податоци и има различна корисничка опрема споредбено со аналогната изнајмена линија која првично била наменета за пренос на говорни телефонски сигнали.

## *10.2 Дали услугата традиционална дигитална изнајмена линија претставува супститут на услугата изнајмени линии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија*

*Дигитална изнајмена линија – 64 Kbit/s* обезбедува симетричен дигитален пренос на податоци помеѓу два терминални уреди DTE со користење на DCE уреди поставени на страна на корисникот. Терминалниот уред за пренос на податоци (DTE) е најчесто компјутер кој корисникот го поврзува на DCE. DCE уредот може да биде xDSL модем кој преку еден или два пара бакарни парици се поврзува со опремата на операторот, а преку DCE интерфејс се поврзува со терминалниот уред за пренос на податоци на корисникот (DTE).
*Дигитална изнајмена линија – 2 Mbit/s неструктурирана* (дигитален пренос на податоци помеѓу две точки) обезбедува симетричен дигитален пренос на податоци помеѓу два комуникациски уреди со користење на NTU уреди поставени на страна на корисникот со брзина од 2 Mbit/s. NTU не ја препознава внатрешната структура на корисничкиот сообраќај.
*Дигитална изнајмена линија – 2 Mbit/s структурирана* (пренос на говорни канали, комбиниран пренос на говор и податоци помеѓу две точки) обезбедува симетричен дигитален пренос на податоци помеѓу два комуникациски уреди со користење на NTU уреди поставени на страна на корисникот со брзина од 2 Mbit/s. NTU ја препознава внатрешната структура на корисничкиот сообраќај. Корисничкиот сообраќај мора да е во облик на 32 канали по 64 Kbit/s од кои два се резервирани за сигнализација и синхронизација.
*Традицианалните дигитални изнајмени* линии АЕК ги разгледува како изнајмени линии обезбедени преку PDH, SDH или (S)HDSL преносна технологија. На малопродажниот пазар за изнајмени линии, со регулација се опфатени само традиционалните дигитални изнајмени линии, а не и Ethernet и IP/MPLS линиите. Тука спаѓаат дигиталните изнајмени линии со брзина од 64 Kbps и 2 Mbps обезбедени преку бакарна или оптичка мрежа. Процентуалното учество на традиционалните дигитални изнајмени линии на малопродажниот пазар на крајот од 2014 година изнесува 12,14%.

Земајќи ги во предвид потребите на крајните корисници може да се заклучи дека традиционалните дигитални изнајмени линии во значителна мера претставуваат супститут на Ethernet и IP/MPLS изнајмени линии, бидејќи и традиционалните дигитални изнајмени линии може да ги задоволат истите потреби на крајните корисници.

Поради нивната функционалност, традиционалните дигитални изнајмени линии за крајните кориснисници претставуваат еквивалент со изнајмените линии преку Ethernet и IP/MPLS преносни технологии.

Според АЕК, во периодот кој го опфаќа оваа анализа, не може да се очекува побарувачката на крајните корисници значително да се зголеми поради ограничениот пазар и ограничена побарувачка од страна на крајните корисници. И покрај тоа, според функционалните карактеристики и процентуалното учество што го поседуваат на пазарот традиционалните

дигитални изнајмени линии претставуваат конкурент на изнајмените линии преку Ethernet и IP/MPLS.

Од горенаведеното АЕК смета дека традиционалните дигитални изнајмени линии се супститут на услугата изнајмени линии преку Ethernet и IP/MPLS преносна технологија на малопродажно ниво.

## *10.3 Дали услугата асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) претставува супститут на услугата изнајмени линии која се обезбедува преку Етернет преносна технологија и IP/MPLS преносна технологија*

Услугата асиметрична дигитална претплатничка линија (ADSL) се обезбедува со поголема брзина во насока кон корисникот (eng. downstream), а со помала брзина во насока кон давателот на услугата (eng. upstream) кадешто брзината на пренос на податоци зависи од технологијата и должината на парицата. ADSL се користи за интернет и мултимедијални услуги кои бараат поголем преносен капацитет за дојдовен сообраќај, а помал преносен капацитет за појдовен сообраќај.

Во однос на изнајмените линии ADSL линиите имаат различни функционални карактеристики бидејќи не обезбедуваат еднаква брзина на дојдовен и појдовен преносен капацитет. Овие разлики се можност за големите претпријатија да користат изнајмени линии поради потребата за постојан пристап до интернет и пренос на податоци со големи брзини. Одтука произлегува и предноста на изнајмените линии која се однесува на безбедност, пристап на голем број на корисници и голема брзина на пренос на податоци. Според тоа може да заклучиме дека асиметрична дигитална изнајмена линија(ADSL) не претставува соодветен супститут на услугата изнајмени линии преку Ethernet и IP/MPLS преносна технологија.

## *10.4 Дали услугата изнајмени линии со различен преносен капацитет е составен дел на истиот релевантен пазар*

Во Република Македонија услугата изнајмени линии на малопродажно ниво се користи со различни преносни брзини во зависност од технологијата, преку:

- Ethernet/ IP/MPLS преносна технологија:64 kbit/s до 1Gbit/s,
- Традиционална дигитална изнајмена линија: 64 kbit/s до 155 Mbit / s.

Бидејќи на малопродажно ниво услугата изнајмени линии се обезбедува со различен преносен капацитет потребно е да се утврди дали изнајмените линии со различен преносен капацитет се составен дел на истиот релевантен пазар. Заменливоста на изнајмените линии со различен преносен капацитет АЕК ќе ги разгледува преку функционална и ценовна заменливост.

Меѓутоа, треба да се утврди дали постои заменливост помеѓу услугите за да се утврди дали припаѓаат на истиот пазар т.е дали постои заменливост помеѓу понудените изнајмени линии со различен преносен капацитет, бидејќи постои ценовна разлика помеѓу изнајмените линии со различни преносни капацитети.

Кај традиционалните дигитални изнајмени линии постои голема разлика во преносниот капацитет на изнајмени линии и тоа 64 kbit/s ,2 Mbit/s, 34 Mbit/s и 155 Mbit/s.
Разгледувајќи ја функционалната и ценовната заменливост, корисникот за своите потреби може да се одлучи да земе линија со поголем капацитет наместо повеќе линии со помал капацитет и да го одржи истото ниво на квалитет на услугата за пониска цена бидејќи со зголемување на преносниот капацитет на линијата опаѓа цената по единица преносен капацитет.

Од тука може да се забележи дека постојат значајни разлики во цените помеѓу изнајмените линии со мал и голем преносен капацитет што значи дека не постои еднаква заменливост помеѓу изнајмените линии со мал и голем преносен капацитет. За да се утврди заменливоста на постоечките услуги треба да се разгледа дали постои заменливост помеѓу понудените преносни капацитети на изнајмени линии. Кај преносниот капацитет на традиционални дигитални изнајмени линии воочлива е разликата помеѓу понудените преносни капацитети на изнајмени линии од 64 kbit/s ,2 Mbit/s, 155 Mbit/s.

Со воведување на IP/MPLS изнајмени линии се овозможува заменливост помеѓу преносните капацитети во однос на широката понуда на преносен капацитет, поради тоа АЕК смета дека во однос на преносниот капацитет не е потребно да се врши поделба на пазарот.
АЕК препорачува дека не е потребно да се утврдат посебни пазари за секој различен преносен капацитет на изнајмени линии бидејќи внатрешниот состав на секој поединечен пазар ќе биде ист со вкупниот состав на целиот пазар.

Од горенаведеното, АЕК смета дека критериумот на функционална и ценовна заменливост на изнајмени линии за сите преносни капацитети меѓусебе се заменливи, припаѓаат на ист малопродажен пазар, од каде произлегува дека не постои потреба за поделба на релевантиот пазар според големината на преносниот капацитет на изнајмените линии.

## *10.5 Супституција на страна на понудата*

Супституција на страна на понудата на малопродажно ниво постои во случај кога операторот кој не ја обезбедува услугата на малопродажба за која се оценува дали постои супституција на малопродажно ниво, во случај на хипотетичко зголемување на малопродажната цена на услугата на операторот со значителна пазарна моќ, истиот започне да ја обезбедува.

На страната на понудата е многу важно дали како последица на мало но подолготрајно зголемување на цената на изнајмената линија од страна на еден оператор би се појавиле други играчи кои би понудиле иста или слична услуга. Земајќи ги во предвид традиционалните дигитални изнајмени линии Македонски Телеком АД Скопје како единствен понудувач на пазарот би можел да направи корекција на цената и тоа би имало одговор кај останатите оператори да се појават како обезбедувачи но само преку користење на мрежата на Македонски Телеком АД Скопје. Или поради утврдената супституција помеѓу оваа услуга и услугата за изнајмени линии преку етернет или IP/MPLS преносна технологија, операторот би можел да се одлучи да ја обезбеди преку нив. На малопродажниот пазар се присутни сите споменати технологии. Според тоа може да се заклучи дека постои заменливост на страната на понудата помеѓу изнајмените линии кои се обезбедуваат преку споменатите технологии.

Од страна на понудата, секој оператор кој сака да ја понуди услугата изнајмени линии на крајните корисници треба да има сопствена пристапна мрежна инфраструктура или да ја обезбеди/ изнајми од големопродажниот пазар. Во Република Македонија, повеќе оператори поседуваат сопствена електронска комуникациска мрежна инфраструктура преку која може да се појават на малопродажниот пазар и да обезбедат изнајмена линија. Покрај операторот Македонски Телеком АД Скопје кој поседува електронска комуникациска мрежна инфраструктура на поголем дел од територијата на државата, постојат повеќе активни алтернативни оператори кои исто така поседуваат електронска комуникациска мрежна инфраструктура и обезбедуваат услуги за изнајмени линии.

АЕК смета дека операторот што веќе обезбедува преносен капацитет со одредена брзина, без некој значаен дополнителен трошок може да започне да обезбедува изнајмени линии и со други преносни брзини преку користење на Ethernet и IP/MPLS технологиите. АЕК ги смета сите преносни капацитети составен дел на истиот малопродажен пазар така да не е потребно да се направи поделба на релевантниот пазар према преносни капацитети на изнајмени линии.

## *10.6 Заклучок*

Врз основа на горенаведените проценки АЕК смета дека, аналогните изнајмени линии не претставуваат супститут на услугите изнајмени линии обезбедени преку Ethernet и IP / MPLS преносна технологија бидејќи IP / MPLS технологијата овозможува поголема брзина на пренос на податоци и има различна корисничка опрема споредбено со аналогната изнајмена линија,

додека традиционалните дигитални изнајмени линии претставуваат конкурент на изнајмените линии преку Ethernet и IP/MPLS.

Изнајмените линии со различен преносен капацитет меѓусебе се заменливи и припаѓаат на ист малопродажен пазар.

Исто така, нема индикации да се зголеми побарувачката на крајните корисници поради ограничениот пазар и ограничена побарувачка од нивна страна.

Анализата на супституција на побарувачката и понудата води до заклучок дека на малпородажниот пазар припаѓаат сите изнајмени линии независно од видот на технологијата и брзината на пренос на податоци.

# 11. Проценка на географски пазар

Дефинирање на географски пазар. Релевантниот географски пазар го вклучува просторот во кој операторите обезбедуваат услуги и се инволвирани од аспект на понуда и побарувачка на релевантни производи и услуги, во кој простор условите на конкуренција се слични или доволно хомогени и истите можат да бидат разграничени од соседните простори во кои преовладуваат услови на конкуренција кои се значително различни.

Во согласност со Упатството издадено од Европската комисија[6] и Методологијата за анализа на релевантни пазари географската димензија на релевантните пазари се определува имајќи ги предвид:

- подрачјето покриено со мрежа и
- постоењето на легални или други регулаторни инструменти.

Географскиот пазар вклучува одредена територија во која се нудат меѓу себе заменливи јавни електронски комуникациски мрежи и /или услуги, каде што конкурентните услови се еднакви и се разликуваат од оние во соседните области.

- Подрачје покриено со мрежа

Поради поврзаноста на критериумите пазарен удел и покриеност на мрежата како и фактот дека операторите кои обезбедуваат јавни електронски услуги обично применуваат еднакви цени на територијата која е покриена од нивните мрежи, првата фаза на испитување на присуство на географски под пазари зависи од покриеноста на мрежата на операторот со поголем пазарен удел на релевантниот пазар на услуги.

Најголеми учесници на малопродажниот пазар за изнајмени линии се операторот Македонски телеком АД Скопје со 45,48% и операторот Неотел со пазарно учество од 49,18%. Тука треба да напоменеме дека Македонски Телеком АД Скопје има изградено мрежа со национално

[6] COMMISSION GUIDELINES on market analysis and the assessment of significant market power under the Community regulatory framework for electronic communications networks and services

покривање каде што нуди еднакви услуги со еднакви цени и услови за обезбедување на услугата, на цела територија на Република Македонија.

⇨ Постоење на легални или други регулаторни инструменти

Според член 60 став 1-Постапка за нотификација "Пред започнување со обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги се доставува нотификација до АЕК." Операторите кои за овозможување на своите услуги е потребно да користат ограничени ресурси (пр. РФ спектар) треба да поднесат барање за нивно користење за потоа АЕК да им издаде одобрение за користење на истите. Поради тоа АЕК смета дека не постојат разлики во однос на бариерите за влез на малопродажниот пазар за изнајмени линии.

Географска сегментација на конкретен пазар е соодветно да се направи откако ќе се докаже дека конкурентните услови во даден регион се разликуваат од оние во соседните региони.

Спроведување на детална географска анализа и сегментирање на пазарот ќе се примени доколку се исполнети следниве услови:

- еден или неколку алтернативни оператори имаат значителна покриеност на мрежа на територија на земјата и вршат значителен конкурентен притисок во областите во кои спроведуваат активности;

Услугата изнајмени линии на малопродажниот пазар ја обезбедуваат неколку алтернативни оператори, но од аспект на национална покриеност, алтернативните оператори немаат сопствена мрежна инфраструктура на целата територија, а преку големопродажна услуга од операторот Македонски Телеком АД Скопје ја обезбедат услугата до крајните корисници. Сопред тоа, не постои алтернативен оператор кој може за изврши значителен конкурентски притисок на операторот со значителна пазарна моќ на овој релевантен пазар.

- операторот со значителна пазарна моќ дава услуги со различни цени во различни региони на земјата или применува единствени национални цени кои значително се разликуваат од цените на алтернативните оператори;

Во претходната анализа Македонски Телеком АД Скопје беше определен за оператор со значителна пазарна моќ на овој пазар на кого му беа наметнати соодветни обврски. Како оператор со значителна пазарна моќ, операторот има одредени и регулирани цени за изнајмени линии и тие се еднакви на цела територија на државата. Бидејќи станува збор за специфична услуга која не ја обезбедуваат голем број на оператори, може да се претпостави дека на овој пазар нема да се појават нови оператори кои би понудиле различни услуги преку алтернативните мрежи и со тоа би оствариле конкурентски притисок на операторот со значителна пазарна моќ.

- постојат значителни географски разлики во карактеристиките на понудените услуги во однос на брзината, гарантираниот квалитет и др.

Во однос на технологијата, изнајмените линии се обезбедуваат преку неколку технологии кои ги образложивме во документот, со квалитет и технички карактеристики кои не отстапуваат помеѓу себе онаму каде што е утврдена заменливост помеѓу нив.

АЕК смета дека условите на понуда на „изнајмени линии"се хомогени на територијата на Република Македонија. Македонски Телеком АД Скопје има мрежна инфраструктура на национално ниво и нуди изнајмени линии до секоја географска зона по еднакви цени на целата територија на Република Македонија. Од тука произлегува дека географската локација не е критериум за диференцирање на цените на услугите што се обезбедуваат на овие пазари. Ова обезбедува силна индикација дека географскиот пазар за изнајмени линии ја вклучува целата територија на државата.

# 12. Три критериум тест на малопродажен пазар – минимален пакет на изнајмени линии

Следен чекор во анализа на пазарот на изнајмени линии е примена на три критериум тест за да се утврди дали овој пазар и понатака ќе биде предмет на ex-ante регулација. Врз основа на ЗЕК (Сл. весник 39/2014), а во согласност со член 79- спроведување на анализа на релевантните пазари, агенцијата спроведува анализа на релевантни пазари имајќи ги во предвид препораките на Европската комисија за утврдување на релевантни пазари на производи и услуги и каде што е соодветно во соработка со органот надлежен за заштита на конкуренција.
Согласно член 80 – Утврдување на релевантни пазари на производи и услуги став 2 (ЗЕК) при утврдување на релевантните пазари на производи и услуги Агенцијата треба да утврди дека кумулативно се исполнети следниве три критериуми:

- присуство на високи и постојани бариери за влез кои можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа,
- структура на пазар кој има тенденција кон ефикасна конкуренција во рамките на релвантен временски период и
- Законот за зштита на конкуренција не е доволен сам да ги реши проблемите на пазарот.

Доколку се задоволени сите три критериуми, АЕК ќе спроведе анализа на пазарот со која ќе се утврди степенот на конкуренција, односно ќе се утврди дали на пазарот постои оператор кој поседува значителна пазарна моќ.
Три критериум тест се применува за да се даде приказ на развојот и структурата на пазарот, додека со анализа на релевантиот пазар се покажува релацијата помеѓу операторите кои имаат влијание на релевантниот пазар.

## *12.1 Прв критериум - Присуство на високи и постојани бариери за влез кои што можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа*

Согласно ЗЕК, Методологијата за анализа на релевантните пазари на АЕК и Упатството на Европската Комисија за анализа на пазари и проценка на пазарна моќ.... (2002/С 165/03) , бариерите кои се јавуваат како резултат на структурните карактеристики на релевантниот пазар се дефинирани како структурни бариери, додека бариерите кои се јавуваат како резултат на правни и регулаторни окружувања се дефинирани како легални бариери.

При анализата согласно со овој критериум АЕК го истражува постоењето на високи и постојани структурни, правни или регулаторни бариери за влез на одреден пазар со временска рамка до следната анализа, а која согласно член 81 од ЗЕК не може да биде подолга од три години.

*Структурни бариери* за влез на пазарот се оние кои се појавуваат како резултат на потребните првични трошоци или условите на побарувачката и создаваат нееднакви услови помеѓу операторот со значителна пазарна моќ на пазарот и останатите оператори на електронски комуникациски мрежи/услуги кои што сакаат да влезат на пазарот односно го отежнуваат или попречуваат влезот на нови играчи на пазарот. Присуството на високи и постојани бариери за влез е главна препрека за развој на ефективна конкуренција. Бариерата за влез претставува рестрикција за влез на релевантен пазар која им овозможува на постојните оператори да ги зголемат цените над реалното конкурентно ниво.

Структурните бариери за влез може да се јават од следните причини:

- кога на релевантниот пазар постои оператор кој го достигнал нивото на економија на обем и економија на интеграција потребни за ефикасно обезбедување на релевантната услуга
- кога влезот на релевантниот пазар бара од новиот учесник значителна инвестиција и трошоци кои во нормални услови се рентабилни на долг рок, инаку напуштањето на пазарот пред тој временски период ќе претставува загуба (sunk cost)

Контрола на инфраструктура која не се реплицира едноставно може да претставува структурна бариера за влез на алтернативните оператори на малопродажниот пазар на изнајмени линии кои немаат сопствена инфраструктура за да ја понудат оваа услуга на крајните корисници. Во тој случај операторите треба да изградат сопствена инфраструктура за која се потребни големи инвестиции во основната и пристапната мрежа, а исто така потребен е долг временски период за нејзина изградба. Најчесто операторите не се одлучуваат за вакви инвестиции поради високите и неповратни трошоци.

Меѓутоа, при разгледување на овој критериум треба да се земе во предвид и да се анализира можноста за алтернативните оператори кои преку големопродажната понуда може да добијат пристап до мрежата на Македонски Телеком АД Скопје за да обезбедат изнајмени линии на малопродажен пазар. Ваквиот пристап доведува до намалување или целосно отстранување на бариерите за влез на малопродажен пазар.

Во анализата на големопродажните пазари за преносни и терминирани сегменти на изнајмени линии (октомври 2014), беше констатирано дека на големопродажниот пазар за терминирани сегменти на изнајмени линии операторот со значителна пазарна моќ останува доминантен,

додека на големопродажниот пазар за преносни сегменти на изнајмени линии обврските на операторот со значителна пазарна моќ се отповикуваат. Ова е подетално опишано во документот за анализа на релевантните пазари број 9 и 10 заведен под број 1302-1630/7 од 13.10.2014 год. Со овој документ се предвидува и понатаму да останат веќе наметнатите регулаторни обврски на големопродажниот пазар за терминирани сегменти на изнајмени линии со кои операторот со значителна пазарна моќ Македонски Телеком АД Скопје има обврска за обезбедување на пристап и користење на специфични мрежни средства согласно членот 82 од ЗЕК. Со користење на големопродажните услуги на операторот Македонски Телеком АД Скопје, другите оператори кои не поседуваат или делумно поседуваат сопствена електронска комуникациска мрежна инфраструктура можат да обезбедуваат услуги на изнајмени линии во малопродажба.
Исто така, операторите може да ги користат истите технологии кои ги користи и Македонски Телеком АД Скопје (аналогни линии, дигитални линии) така што операторот Македонски Телеком АД Скопје не постигнува технолошка предност и супериорност во однос на останатите учесници на пазарот.
Алтернативните оператори користејќи ја големопродажната понуда обезбедена од страна на операторот Македонски Телеком АД Скопје можат да ја доставаат услугата до крајните корисници низ цела територија на Република Македонија.
**Од горенаведеното АЕК смета дека на релеванттниот пазар не постојат структурни бариери** за **влез на пазарот.**

Врз основа на препораките на Европската комисија, правните или регулаторни бариери не зависат од економските услови туку произлегуваат од законодавни, административни и други слични мерки кои индиректно влијаат на влез на нови оператори на пазарот.
Врз основа на Извештајот за три критериа тест (ERG)22, главни правни или регулаторни бариери за влез на пазарот се:

- Потреба од административна одлука односно дозвола за да се започне со комерцијална работа
- Ограничувања и услови поврзани со употреба на радиофреквенцискиот спектар
- Влијание на начинот на кој е поставена регулативата за нови оператори/учесници кои планираат да влезат на пазарот.

- **<u>Потреба од административна одлука односно дозвола за да се започне со комерцијална работа</u>**

Согласно ЗЕК во член 60 став (1) е наведено дека пред започнување со обезбедување на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги се доставува нотификација до Агенцијата. Во член 60 став (2) се наведува дека врз основа на нотификацијата од ставот (1) на овој член операторот има право да обезбедува јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги, односно да гради, работи и управува со јавна електронска комуникациска мрежа или да овозможи достапност на истата, согласно со овој закон. Согласно овој законски основ секоја

компанија која ќе ги испочитува законските одредби и ќе се нотифицира може непречено да ја обезбедува услугата изнајмени линии.

- **Ограничувања и услови поврзани со употреба на радиофреквенцискиот спектар**

Оваа бариера може да се однесува на овој релевантен пазар земајќи ги во предвид изнајмените линии преку безжичен микробранов линк (Ethernet/MPLS/VLAN/SDH). Пазарното учество на оваа услуга е занемарливо и поради тоа ваков вид на ограничување нема големо влијание на овој пазар.

- **Влијание на начинот на кој е поставена регулативата за нови оператори/учесници кои планираат да влезат на пазарот**

АЕК смета дека не постојат одредби од законот или подзаконски акти, со кои ќе се оневозможи влез на нови оператори на малопродажниот пазар за изнајмени линии или да ја оневозможат нивната работа за да ја обезбедат услугата на крајните корисници. За секој оператор кој има можност да изгради сопствена инфраструктура или преку големопродажна услуга ќе ја обезбеди услугата изнајмени линии на малопродажен пазар не постојат никакви регулаторни бариери за влез на релевантниот пазар.

Од досега образложеното во првиот критериум, АЕК заклучи дека на малопродажниот пазар на изнајмени линии не постојат високи и постојани бариери за влез на пазарот кои што можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа.

**Заклучок**

Првиот критериум не е исполнет за примена на ex-ante регулација.

## *12.2 Втор критериум – Степен на конкурентност не земајќи ги во предвид бариерите за влез*

Вториот критериум се однесува дали во отсуство на претходна регулација (ex-ante) пазарот има тенденција да има ефикасна конкуренција во временскиот интервал од три години до кога најдоцна треба да се спроведе следна анализа. Според работниот документ на Европската Комисија бр {(C(2007) 5406)} EXPLANATORY NOTE со вториот критериум треба да се покаже дали и при отсуство на регулација на релевантниот пазар а во определени временски рамки (во рамките на предметниот тригодишен период до следната анализа) може да се развива во правец на ефикасна конкуренција.
Преку овој критериум АЕК ќе ги провери условите на пазарот кои водат кон ефективна конкуренција.
Исто така потребно е да се утврди дали и покрај постоење на моментални потенцијални бариери за влез на пазарот, дали во одреден период од три години би можело да се очекува истиот да се развива и движи кон ефективно конкурентен пазар. Желбата за развој на

одржлива конкуренција во соодветен временски период, незначи дека истото ќе се случи за краток временски период но значи дека со анализата е утврдено дека постои одредена динамика на пазарни случувања кои може да доведат до ефикасна пазарна конкуренција.

Пазарниот удел на учесниците на релевантниот пазар претставуваат главен показател за големината и пазарната моќ на операторите. Европската комисија во основните напатствија за вршење на анализа на релевантни пазари ја дефинираат значителната пазарна моќ на релевантен пазар:

„Операторите и давателите на услуги кои имаат помалку од 25% удел на релевантниот пазар се смета дека не поседуваат доминантна позиција, додека учеството кое изнесува повеќе од 40% се претпоставува дека има доминантна позиција. Случај на многу висок пазарен удел од над 50% е доказ за постоење на доминантна позиција."

Согласно член 13 од Законот за заштита на конкуренцијата став 3:

"се претпоставува дека едно претпријатие има доминантна позиција, ако неговото учество на релевантниот пазар изнесува повеќе од 40%, освен ако претпријатието не го докаже спротивното."

Големото пазарно учество на операторот со значителна пазарна моќ е значаен показател за постоење на доминантна положба на релевантните пазари, како што произлегува и од судската практика на Судот на Европската Унија каде е определено доколку операторот има пазарно учество поголемо од 50% само по себе е доказ за постоење на оператор со значителна пазарна моќ на релевантен пазар. Мерките кои е потребно да се употребат при мерењето на пазарното учество се различни, во зависност од значајноста на релевантниот пазар.

Македонски Телеком АД Скопје не е единствениот оператор кој обезбедува услуга изнајмени линии на малпородажниот пазар, покрај него оваа услуга ја обезбедуваат и операторите ДТУ Неотел, ОНЕ А.Д . Пазарното учество на учесниците на овој пазар е прикажано на следниот график.

**Графикон 2 Пазарен удел на операторите на малопродажен пазар на изнајмени линии**




| | Q1/2013 | Q2/2013 | Q3/2013 | Q4/2013 | Q1/2014 | Q2/2014 | Q3/2014 | Q4/2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Останати | 1,15% | 0,60 | 1,73% | 1,17% | 1,73% | 2,07% | 2,11% | 2,67% |
| ONE | 1,98% | 2,29% | 2,29% | 2,31% | 2,29% | 2,34% | 2,39% | 2,67% |
| Неотел | 41,41% | 42,95% | [illegible] | 45,37% | 47,56% | 48,09% | 47,90% | 49,18% |
| MT | 55,46% | 54,16% | 51,43% | 51,15% | 48,42% | 47,50% | 47,60% | 45,48% |

Во претходната анализа АЕК констатира дека на пазарот за минимален пакет на изнајмени линии Македонски Телеком АД Скопје е оператор со значителна пазарна моќ. Во тој период Македонски Телеком АД Скопје имал пазарен удел од 91,5% наспроти алтернативните оператори кои имале пазарен удел од 8,53%.

На графикот бр. 2 може да се забележи дека, без разлика на технологијата која се користи за да се обезбедат изнајмени линии, во зададениот период на оваа анализа, пазарниот удел на операторот Македонски Телеком АД Скопје за релативно краток временски период опаѓа од 55,46% во првиот квартал од 2013 година до 45,48% во четвртиот квартал од 2014 година. Меѓутоа намалувањето на пазарниот удел на операторот Македонски Телеком АД Скопје може да биде доволен за да се заклучи дали структурата на пазарот тежнее кон ефективна конкуренција.

Намалување на пазарниот удел на операторот Македонски Телеком АД Скопје, односно зголемување на учеството на останатите оператори/ учесници кои преку различни технологии ја обезбедуваат услугата изнајмени линии ја покажува зголемената конкуренција на малопродажниот пазар за изнајмени линии. Зголемување на конкуренцијата произлегува од вистината дека повеќе оператори обезбедуваат изнајмени линии на малопродажен пазар што може да доведе до дополнителна и значителна промена на пазарниот удел на операторот Македонски Телеком АД Скопје, што покажува дека овој пазар може да се движи кон

ефективна конкуренција. Пазарниот удел покажува дека не е потребно наметнување на претходна (ex-ante) регулација на малопродажниот пазар минимален пакет на изнајмени линии.

Од критериумот пазарен удел кој беше до сега презентиран може да се заклучи дека операторот Македонски Телеком АД Скопје бележи намалување на уделот на пазарот со што се зголемува пазарното учество на останатите оператори на пазарот кои ја обезбедуваат услугата преку различни технологии, со што овозможува движење на пазарот кон ефективна конкуренција т.е. вториот критериум не е исполнет.

**Заклучок**

Вториот критериум не е исполнет за примена на ex-ante регулација.

## *12.3 Трет критериум – Недоволност на Законот за конкуренција ( во услови на непостоење на ех-анте регулација) за регулирање на релевантен пазар*

Третиот критериум се однесува на проценката дали правото на заштита на конкуренцијата е доволно за надминување на неефикасна конкурентна средина која што се претпоставува дека постои на пазарот. Генералниот заклучок дали пазарот подлежи на ex-ante регулација зависи и од проценката дали примената на правото во областа на конкуренцијата е доволно за надминување на неефикасна конкурентна средина т.е. сите облици на спречување, ограничување или нарушување на конкурентна средина, утврдена на пазарот како резултат на првите два критериума.

Во Република Македонија тело овластено да го применува правото за заштита на конкуренцијата е Комисијата за Заштита на Конкуренцијата. Нејзината дејност се базира пред се на ex-post регулација. Регулаторни мерки од ова тело се применуваат кога ќе се утврди дека од даден учесник на пазарот се извршени активности кои доведуваат до нарушување на конкуренцијата. Тоа е и суштинската разлика во однос на примената на ex-ante регулација, каде наметнувањето на одредени обврски има за цел да го спречи нарушувањето на условите за развој на конкуренцијата. Во случај на ex-ante регулација контролата се врши превентивно, за разлика од принципот типичен за активностите на КЗК за подоцнежна контрола.

Согласно член 11 „Злоупотреба на доминантна позиција"став (1) од Законот за заштита на конкуренција „забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел". Во член 11 став (2) од истиот закон се дадени 6 особени случаи на злоупотреба на доминантна позиција, при што оваа листа не е исцрпна и конечна. Односно, доколку за одредено однесување кое не е наведено во овие особени случаи се утврди дека претставува злоупотреба на доминантна позиција а истото може да се подведе под општата забрана за злоупотреба на доминантна позиција.

Во член 48 „Истражување во одделни сектори на економијата и одделни видови договори" став (1) од Законот за заштита на конкуренција е определено дека „ако постојат околности кои укажуваат на можноста конкуренцијата да биде нарушена, КЗК може да спроведе истражување во определен сектор на економијата или за определен вид на договори во различни сектори на економијата".

Во членот 52 „Мерки за воспоставување на ефективна конкуренција" став (1) е дефинирано дека КЗК „може на сторителот на прекршокот со решение да му наложи потребни мерки на однесување и структурни мерки за отстранување на штетните последици од нарушувањето на конкуренцијата настанати со прекршокот и да определи рокови за нивно извршување".

Во член 59 „Потешки прекршоци" став (1) точка 2) Комисијата за одлучување по прекршок на претпријатието односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако стори злоупотреба на доминантна позиција во смисла на членот 11 од Законот за заштита на конкуренција".

Искуствата на АЕК во врска со регулацијата на пазарот за електронските комуникации укажуваат дека операторот, кој поседува значителна пазарна моќ може да преземе широк спектар на постапки со цел одложување и/или спречување на ефективната конкуренција. Но, земајќи ги во предвид карактеристиките и структурата на малопродажниот пазар на изнајмени линии, АЕК не предвидува активности кои би предизвикале штета во развојот на конкуренцијата на пазарот, уште повеќе во присуство на регулација на поврзаниот големопродажен пазар.

Врз основа на горенаведеното АЕК смета дека ex post регулацијата т.е. законот за заштита на конкуренција е доволен за решавање на евентуални проблеми на релевантниот пазар и отстранување на неправилности доколку се појават, а кои ќе влијаат на развојот на конкуренцијата.

**Заклучок**
Третиот критериум не е исполнет за примена на ex-ante регулација.

## *12.4 Заклучок од примената на три критериум тест*

АЕК констатира дека малопродажниот пазар за минимален пакет на изнајмени линии во Република Македонија не треба да биде предмет на ex ante регулација согласно член 80 став 2 од ЗЕК, бидејќи не ги исполнува кумулативно трите критериуми за утврдување на релевантен пазар, предмет на ex ante регулација.

- присуство на високи и постојани бариери за влез кои можат да бидат од структурна, правна или регулаторна природа,
- структура на пазар кој има тенденција кон неефективна конкуренција во рамките на релевантен временски период;
- Законот за заштита на конкуренцијата не е доволен сам да ги разреши проблемите на пазарот.

односно сите три критериуми за примена на ex-ante регулација не се исполнети.

АЕК смета дека не постои основа за продолжување на важечките обврски и истите треба да бидат отповикани.
Меѓутоа, АЕК и понатаму ќе го следи развојот на овој пазар и доколку се појават промени кои ќе влијаат на развојот на конкуренцијата повторно ќе се спроведе три критериум тест.

# 13. Отповикување на обврските на операторот со значителна пазарна моќ на малопродажниот пазар за изнајмени линии

Во согласност со член 80 став 2 од Законот за електронски комуникации при утврдување на релеантен пазар на производи и услуги треба кумулативно да бидат исполнети трите критериуми. АЕК, врз основа на спроведениот три критериум тест на малопродажниот пазар за минимален пакет на изнајмени линии констатира дека ниту еден од наведените критериуми не е исполнет, што значи дека овој релевантен пазар повеќе не е подложен на претходна “ex-ante” регулација. Операторот Македонски Телеком АД Скопје во претходната анализа на малопродажниот пазар за изнајмени линии беше определен за оператор со значителна пазарна моќ со Решение бр. 03-2358/2 од 01.04.2010 година, но врз основа на заклучоците образложени во овој документ истите ќе бидат отповикани.

АЕК заклучи дека малопродажниот пазар- минимален пакет на изнајмени линии дефиниран во Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подложни на претходна регулација бр. 02-5015/1 од 23.09.2010 година како и Одлуките за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на релевантни пазари подложни на претходна регулација бр.02-2010/2 од 15.04.2011 година, бр. 0307-1276/2 од 07.05.2014 година и 0201-1476/7 од 15.12.2014 година тежнее кон ефикасно конкурентен пазар, на кој во моментот има повеќе играчи на пазарот.

Во согласност со член 82 став 3 од Законот за електронски комуникации АЕК ќе ја отповикува одлуката за определување на оператор со значителна пазарна моќ доставена на Македонски Телеком АД Скопје со Решение бр. 03-2358/2 од 01.04.2010 година.

Во согласност со член 82 став 4 од Законот за електронски комуникации АЕК ќе го ослободи Македонски Телеком АД Скопје од обврските кои му се наметнати како оператор со значителна пазарна моќ наметнати во Решение бр. 03-2358/2 од 01.04.2010 година.

Скопје, 11.11.2015

Работна група:
Биљана Тошевска
Марјан Пејовски
Јане Јакимовски

Раководител на Сектор за регулатива
Кристина Божиновска

MKT GENERAL ALL

2015000126760

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ**
Кеј 13-ти Ноември 6, 1000 Скопје, Р. Македонија

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
4
Број 10-2/15323/4
Дата 03-11-2015

03.11.2015

До
Агенција за електронски комуникации
Кеј Димитар Влахов бр.21, 1000 Скопје
Г-дин Роберт Орданоски,
Директор на Агенцијата за електронски комуникации

ПРЕДМЕТ: Нацрт документ за анализа на малопродажен пазар за минимален пакет на изнајмени линии, објавен на официјалната веб страна на Агенцијата за електронски комуникации на 06 октомври 2015 година

Почитувани,

Благодариме на укажаната можност за искажување на нашето мислење на Нацрт документ за анализа на малопродажен пазар за минимален пакет на изнајмени линии, објавен на официјалната веб страна на Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст Агенцијата) на 06 октомври 2015 година. Македонски Телеком АД- Скопје целосно го поддржува ставот и заклучокот од страна на Агенцијата во точка 13 од Нацрт документот за анализа на малопродажен пазар за минимален пакет на изнајмени линии во врска со отповикувањето на обврските на операторот со значителна пазарна моќ - малопродажен пазар за минимален пакет на изнајмени линии.

Се согласуваме со Агенцијата во врска со утврдената состојба за постоењето на ефикасна конкуренција на малопродажниот пазар за минимален пакет за изнајмени линии и непотребата од претходна регулација на услугите дел од овој пазар.

Имајќи го предвид динамичниот развој на конкуренцијата на пазарот за електронски комуникации и препораките на Европската Комисија (ЕК) за укинување на дел од утврдените релевантни пазари од 2003 и 2007 година, очекуваме Агенцијата во иднина да го примени ваквиот пристап и на останатите големопродажни и малопродажни пазари за кои е евидентно постоењето на ефикасна конкуренција, и со тоа да го намали бројот на пазари подложни на претходна регулација на сегашните четири (односно пет) релевантни пазари од препораката на ЕК од 2014 година.

Воедно повикуваме **преиспитувањето односно анализата на утврден релевантан пазар да се прави на пократок временски период, не подолг од три години согласно Член 81 од Законот за електронски комуникации и** согласно надлежноста на Агенцијата очекуваме преземање на соодветни мерки за поблага регулација односно дерегулација на малопродажните и големопродажните пазари како резултат на развојот на пазарот за електронски комуникации а во насока на зголемување на инвестициите и иновациите на телекомуникациски пазар во државата.

Апелираме и другите анализи да бидат согласно насоките и препораките на Европската Комисија и новата препорака на Европската Комисија за утврдување на релевантни пазари од 2014 година (само 5 релевантни пазари и тоа: wholesale fixed call termination, wholesale mobile voice termination, wholesale local access at a fixed location (WLA), wholesale central access for mass-market (WCA) и wholesale high-quality market at a fixed location), и Агенцијата и понатаму да го следи развојот на пазарите во Македонија со "forward looking" пристап кој ќе гледа далеку нанапред и се почесто ќе се донесува заклучок дека на релевантните пазари за електронски комуникации веќе има воспоставено ефективна конкуренција, како што се гледа од следењето на трендовите и податоците за истите.

Со почит,

Директор на Сектор за регулаторни и големопродажни прашања
Слободанка Гиевска

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
Кеј 13 ти Ноември 6
1000 Скопје

**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ**
Адреса: Кеј 13-ти Ноември 6, 1000 Скопје, Р. Македонија
Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Internet: www.telekom.mk
Контакт центар за приватни корисници: +389 2 122 +389 70 122 | E-Mail: kontakt@telekom.mk
Контакт центар за деловни корисници: +389 2 120, +389 70 120 | E-Mail: biznis.kontakt@telekom.mk
ЕМБС: 5168660 | Основна главнина: МКД 9 583.887.733,00

ISO 9001, ISO 14001 и ISO 27001 сертифицирана компанија